Машински факултет
Број 02-1754/4
21.09.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ број 82/2018), во врска со постапувањето по барањата на студентите на прв циклус/додипломски студии за утврдување еквивалентни предмети, на предлог од Продеканот за наставна дејност, Деканатската управа на Факултетот, на 30-та редовна седница одржана на 21 септември 2018 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
за утврдување на надоместок за студентите на
прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува надоместокот и износот на надоместокот кој произлегува од постапката по барањата на студентите на прв циклус/додипломски студии за признавање студиски обврски - утврдување еквивалентни предмети на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Студентите запишани на прв циклус/додипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје кои поднесуваат барање за признавање студиски обврски - утврдување еквивалентни предмети, во врска со уредување на статусот на студент на Факултетот, ќе плаќаат надоместок за постапување по барањето, во висина од 6.000,00 денари.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: огласна табла, студентска служба, продекан за настава, деканатска управа и архивата на Факултетот.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев